Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" Бр.58/00, 44/02, 82/08 и 167/10), Министерот за информатичко општество и администрација донесе

# ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ, БРИШЕЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА МЕДИУМОТ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите што се користат за обработување на личните податоци од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 2**

Документите кои што содржат лични податоци по истекот на определениот рок за нивно чување се уништуваат од комисија определена од страна на Министерот.

Документите од став 1 на овој член се уништуваат со уред за ситнење (шредер) за што комисијата составува записник кој што го доставува до Министерот. Во записникот задолжително се наведуваат категориите на лични податоци кои што ги содржат документите што се уништуваат.

**Член 3**

По пренесувањето на личните податоци од медиумот или по истекот на определениот рок за чување, медиумот се уништува, брише или пак се чисти од личните податоци кои што се снимени на него.

Уништувањето на медиумот се врши со механичко разделување на неговите составни делови, при што истиот повторно да не може да биде употреблив.

Бришењето или чистењето на медиумот се врши на начин што оневозможува понатамошно обновување на снимените лични податоци.

За случаите од ставовите 1 и 2 на овој член се составува записник, кој

ги содржи сите податоци за целосна идентификација на медиумот, како и за категориите на лични податоци снимени на истиот.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на огласна табла во Министерството.

Бр. 16-1573/1
**Дата** 19.04.2011

**Министер,**
**М-р Иво Ивановски**